## УПАТСТВО ЗА ПАЦИЕНТОТ

**COLDREX MaxGrip &Berry Fruits** прашок за орален раствор
Парацетамол, фенилефрин хидрохлорид, аскорбинска киселина

**Внимателно прочитајте го целото упатство бидејќи содржи важни информации за вас.**

Овој лек се добива без рецепта. Сепак, COLDREX MaxGrip&Berry Fruits треба внимателно да го употребувате за да ги добиете најдобрите резултати.

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба повторно да го прочитате.
- Консултирајте го Вашиот фармацевт доколку Ви се потребни додполнителни информации или совет.
- Доколку Вашите симптоми се влошат или не се подобрат по 7 дена неопходно е да го консултирате својот доктор.
- Доколку некој од несаканите ефекти стане сериозен или доколку забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме известете го вашиот доктор или фармацевт.

**Во ова упатство:**

1. Што е COLDREX MaxGrip&Berry Fruits и за што се употребува.
2. Пред да земете COLDREX MaxGrip&Berry Fruits.
3. Како да го земате COLDREX MaxGrip&Berry Fruits.
4. Можни несакани ефекти.
5. Како да се чува COLDREX MaxGrip&Berry Fruits.
6. Дополнителни информации.

### 1. ШТО Е COLDREX MaxGrip &Berry Fruits И ЗА ШТО СЕ КОРИСТИ

COLDREX MaxGrip&Berry Fruits содржи парацетамол, фенилефрин и аскорбинска киселина (Витамин Ц):

- **Парацетамол** е лек за смирување на болки кој помага да се намали Вашата температура кога имате треска,
- **Фенилефрин хидрохлорид** е симатомиметски деконгестив кој го ослободува вашиот нос и синусите и Ви помага полесно да дишете,
- **Витамин Ц** ги надополнува вашите природни новоа на Витамин Ц кои можат да се намалат кога имате вирусна инфекција, како што е настинка.

COLDREX MaxGrip&Berry Fruits обезбедува краткорочно смирување на симптомите на настинка и грип, вклучително главоболки, треска, болно грло, долгорочни и кратки болки, затнување на носот, синуситис и болките поврзани со него.

### 2. ПРЕД ДА ЗЕМЕТЕ COLDREX MaxGrip&Berry Fruits

**Не земајте COLDREX MaxGrip**&Berry Fruits

- доколку сте алергични (пречувствителни) на парацетамол, фенилефрин, аскорбинска киселина или која и да е од состојките на COLDREX MaxGrip&Berry Fruits.
- со какви било производи кои содржат парацетамол, деконгестиви или раствори против кашлица и настинка.
- доколку земате или сте земале во изминатите две недели лекови кои се викаат инхибитори на моноаминска оксидаза (ИМАО), обично употребувани за третирање на депресија.

**Бидете посебно внимателни со COLDREX MaxGrip** &Berry Fruits

**Проверете со вашиот лекар пред да го употребите ако:**
- имате проблеми со црниот дроб или бубрезите,
- имате висок крвен притисок, болести на срцето или болести на крвните садови како што е Raynaud феноменот (кој може да се јави како болка во прстите на рацете или нозете како реакција на настинка или стрес), дијабетес или хиперактивна тироидна жлезда,
- имате глауком (висок притисок внатре во вашите очи)
- имате феохромоцитом (тумор близу до бубрегот)
- имате проблеми со простатата или тешкотија при мокрење
- сте бремени, ако се обидувате да останете бремена или ако доите.

Не се препорачува кај деца под 12 годишна возраст, освен по совет на лекар.

**Земање на други лекови**
**Не го земајте овој лек:**
- со какви и да е производи кои содржат парацетамол, деконгестиви или раствори против кашлица или настинка.
- ако земате или сте земале во текот на изминатите две недели лекови кои се викаат инхибитори на моноаминска оксидаза (ИМАО), обично користени за лекување на депресија.

**Пред да го земете овој лек, консултирајте се со својот доктор доколку земате кои и да е од следните:**

- варфарин или слични лекови кои се користат за разредување на крвта
- лекови за контрола на крвниот притисок, како што се бетаблокатори
- дигоксин или слични лекови за заболувања на срцето
- средства за намалување или зголемување на апетитот
- лекови за лекување депресија како што се трицикличните антидепресанти како амитриптилин .

Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт ако земате или неодамна сте земале какви и да е други лекови, вклучително и лекови што се добиваат без рецепт.

**Бременост и доење**
Проверете со Вашиот доктор пред да го користите лекот доколку сте бремени, се обидувате да останете бремени или ако доите. Прашајте го вашиот доктор или фармацевт пред да земете каков и да е лек.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Влијаније на лекот врз способноста за возење или управување со машини**
Овој производ може да предизвика вртоглавица. Доколку се јави, немојте да возите или да управувате машини.

**Важни информации за некои од состојките на COLDREX MaxGrip** &Berry Fruits
Една доза содржи 5 гр сукроза . Ова треба да се земе предвид доколку имате дијабетес. Доколку вашиот доктор Ви кажал дека не поднесувате некои шеќери, контактирајте го Вашиот доктор пред да го земете овој лек.

- Содржи извор на фенилаланин. Може да биде штетен за луѓе со фенилкетонурија.
- Содржи Сансет жолто (Е110) и Кармозин (Е122). Може да предизвика алергиски реакции.
- Во една доза содржи 117 мг натриум. Ова треба да го земат предвид пациентите кои се на диета со контролирана содржина на натриум.

**3. Како да се зема COLDREX MaxGrip**&Berry Fruits
**Возрасни (вклучително и стари лица) и деца од 12 годишна возраст и нагоре:**
Една кесичка, растворена во топла вода, да се зема секој четири до шест саати. Испразнете ја содржината на кесичката во шолја и до половина наполнете ја со многу топла вода. Доколку е потребно додадете студена вода.

Да не се зема почесто од секој 4 часа. Да не се земат повеќе од 4 кесички дневно.

Да не се надминува наведената доза.

Да не се зема повеќе од 7 дена. Ве молиме посетете го Вашиот доктор доколку симптомите продолжуваат.

Не го земајте со какви и да е други производи кои содржат парацетамол, или други лекови за ублажување на кашлица или настинка, против затнување или блокирање на носот.

**Употреба кај децата**

**Деца на возраст од 12 години и повеќе:** види горе.

**Деца под возраст од 12 години:**
Не се препорачува, освен по совет на доктор.

**Доколку сте земале повеќе COLDREX MaxGrip**&Berry Fruits **отколку што треба**
Веднаш побарајте медицински совет, дури и ако добро се чувствувате, заради ризикот од сериозно откажување на црниот дроб.

**Доколку сте заборавиле да земете COLDREX MaxGrip**&Berry Fruits

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

Не земајте двојна доза за да ја надоместите дозата што сте ја заборавиле. Не го земајте лекот во временски интервали помали од 4 часа.

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ЕФЕКТИ

Како и сите лекови, COLDREX MaxGrip&Berry Fruits може да предизвика несакани ефекти, иако тие не се јавуваат кај секого.

**Кога го земате лекот може да почувствувате**:
Главоболка, вртоглавица, нервоза, потешкотии со спиењето, зголемен крвен притисок, гадење и повраќање.

**Престанете да го земате овој лек и кажете му веднаш на вашиот доктор ако:**

- Почувствувате алергиски реакции како исфрлување по кожата (раш) или чешање, понекогаш со проблеми во дишењето и отекување на усните, јазикот, грлото или лицето.
- Забележите црвенило (раш) или лупење на кожата, или ако Ви се јават ранички во устата.
- Претходно сте искусиле проблеми со дишењето со аспирин или нестероидни средства против воспаленија и ако почувствувате слична реакција со овој производ.
- Забележите необјаснети модринки или крвавење.
- Почувствувате невообичаено брзо отчукување на срцето или сензација на невообичаено брзо или неправилно биење на срцето.
- Забележите губење на видот, кое може да биде резултат на ненормално висок крвен притисок во окото. Има поголема веројатност ова да се јави кај луѓе со глаукома.
- Забележите тешкотии при мокрењето. Има поголема веројатност ова да се случи кај мажи со зголемена простата.

Овие реакции се ретки.
Доколку кој и да е од овие несакани ефекти стане сериозен, или ако забележите несакани ефекти кои не се наведени во ова упатство, Ве молиме известете Вашиот доктор или фармацевт.

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА COLDREX MaxGrip&Berry Fruits

Овој медицински производ не бара специјални услови за чување.

**Да се чува далеку од дофат на децата**.

Да не се употребува по истекување на рокот на употреба наведен на картонот или на кесичката. Рокот на траење се однесува на последниот ден од наведениот месец.

Лековите не треба да се отстранат преку отпадни води. Прашајте го Вашиот фармацевт како да го отстраните лекот кој повеќе не Ви е потребен. Овие мерки помагаат за заштита на природната околина.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи COLDREX MaxGrip**&Berry Fruits

- Активните супстанци се парацетамол 1000 мг, аскорбинска киселина (Витамин Ц) 70 мг и фенилефрин хидрохлорид 10 мг.
- Други состојки се сукроза, безводен натриум цитрат, тартарска киселина, аспартам, вкус на зрнесто овошје Flavourburst, Евробленд боја на рибизла (содржи Сансет жолто Е110, Кармозин Е122 и Зелен S E142)

**Како изгледа COLDREX MaxGrip**&Berry Fruits **и што содржи едно пакување**

Светло розов прав со карактеристичен овошен ментол мирис. Секое пакување содржи или 5 или 10 кесички со 7,6 гр прав.

**Носител на одобрение за ставање на лек во промет**
GlaxoSmithKline. Exp. Ltd London, UK – Претставништво Скопје, Р. Македонија

**Број на решеније за ставање на лек во промет**

**Производител**: SmithKline Beecham, S.A., Carretera de Ajalvir, km 2,300, 28806 Alcala de Henares, Madrid, Spain.

Датум на последна ревизија на упатството
Ноември 2010